# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКА ДЕЈНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 31.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/2008 и 53/11), во членот 3 во точката 4 зборовите „и на станици за мерење на квалитетот на воздухот," се бришат.
Во точката 17 зборот „воздухот," се брише.

**Член 2**

Во членот 7 точката 9 се менува и гласи:
,,набљудувања и мерења на карактеристиките на квалитетот на врнежите и почвата во мрежата на метеоролошки станици и основна обработка на забележаните податоци; ".

**Член 3**

Во членот 8 точката 5 се менува и гласи:
„истражување и следење на квалитативните карактеристики на врнежите, површинските води, подземните води од првото ниво, езерата и на почвата, врнежите и на водите, преносот на загадувачките материи во нив и учество во истражувања на влијанието на загадувањето врз водните ресурси, климата и вегетацијата и развој на модели и методи за прогнозирање на загаденоста на водите и на почвата, како и пренос на опасни и штетни материи во атмосферата, површинските и подземните води и во земјиштето; ".
Точката 16 се менува и гласи:
„обезбедување информации и прогноза за метеоролошките состојби кои имаат влијание врз квалитетот на воздухот, како и обезбедување на предупредувања во ситуации кога метеоролошките состојби можат да предизвикаат високи нивоа на загадување на воздухот;".

**Член 4**

Во членот 16 во ставот (2) зборот „воздухот," се брише.

**Член 5**

Во членот 17 став (1) во алинејата 1 зборот „воздухот," се брише.
Во алинејата 3 зборовите: „квалитетот на воздухот," се бришат.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" .